**ГРАД СКОПЈЕ**
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) а во врска со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Град Скопје објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.07/2024
## за вработување на работници во Град Скопје на неопределено време

Се утврдува потреба од вработување на работници во Град Скопје на неопределено работно време на следното работно место:

**1.** Назив на работно место **Тонски снимател на седници**, шифра УПР0401Б03001, Одделение за помошни работи, Сектор за општи работи, **Број на извршители (2).**

Кандидатите потребно е да ги исполнуваат следните услови:

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност:

**Посебни услови:**
- средно гимназиско или средно стручно образование
- со или без работно искуство

Паричен износ на основната нето плата за работното место **Тонски снимател на седници** - 32.932 денари.

Распоред на работно време - 8 часа дневно, 40 часа неделно, од понеделник до петок од 8:30 до 16:30 часот.

Кандидатите може да ја преземат **ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ на помошно – технички лица во Град Скопје бр.07/2024** од веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk или во Архивата на Град Скопје во барака бр.16 на адреса Бул. Илинден бр.82, Скопје.

**Кандидатите се должни покрај пријавата за вработување по јавен оглас бр.07/2024,** да достават кратка биографија и кратко мотивационо писмо како и докази за исполнување на горенаведените услови за вработување (во оригинал или копија заверена на нотар) и тоа:

- доказ за државјанство;

- доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- доказ за завршен соодветен степен на образование;
- доказ за општа здравствена способност за работното место.

Кандидатите доколку имаат работно искуство потребно е да достават и доказ за работно искуство евидентирано во Агенцијата за вработување.

Заинтересираните кандидати бараните документи да ги достават во архивата на Град Скопје (барака бр.16) или на адреса бул. Илинден бр. 82, Скопје со назнака - за **ЈАВЕН ОГЛАС бр.07/2024 за вработување на работници во Град Скопје на неопределено време.**

Рокот за пријавување изнесува 7 дена од денот на објавување на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесувањето на пријавата.

**Напомена**: Доколку кандидатот во пријавата не доставил податоци за контакт (телефонски број или е-маил адреса) пријавата ќе се отфрли.

**Информација за начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидати за вработување:**

Фаза 1: проверка на пријава и докази - се спроведува во рок од 3 дена од завршувањето на објавениот оглас. Доколку недостасува некој доказ, Комисијата за селекција ќе го контактира кандидатот преку неговата e-mail адреса или телефонскиот број во пријавата и тој во рок од три дена треба да ги комплетира доказите, во спротивно пријавата ќе биде отфрлена. Пријавата се отфрла и доколку доказот/доказите се лажни.

Фаза 2: интервју со кандидатите кои ја поминале првата фаза на селекција - се спроведува во рок од 10 дена по спроведената прва фаза од селекцијата.

Фазите на постапката за селекција се уредени во **ПРАВИЛНИК за вработување на помошно – технички лица во Град Скопје** бр.08-12594/1 од 19.11.2024 година, којштo е објавен на веб-страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Градоначалник**